# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ

Во цената се опфатени само условите наведени во програмата,
Организаторот, го задржува правото да ги зголеми цените на аранжманот и да бара доплата од патникот доколку настанат промени на цените на хотелските услуги, промени на тарифата на превозот и/или промени на курсот на пазарот.

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ПРЕСМЕТАНО СЛЕДНОТО**

Трошоците кој патникот ќе ги направи самиот/ телефонски разговори / собен сервис пијалок и храна кои не се предвидени во програмата, трошоци за носење на багажот, трошоци за факултативни излети, како и аеродромски такси кои не се предвидени во програмата.

**РЕЗЕРВАЦИЈА-УПИС**

При резервација странката уплака 30% од вредноста на аранжманот, остатокот се уплака најдоцна 7 дена пред поаѓање.

**ОТКАЗИ**

Патникот има право да го откаже патувањето, за што е должен писмено да го извести организаторот. Датумот на писмениот отказ претставува основа за пресметување на надокнадата која ја задржува организаторот, изразена процентуално во однос на вкупната цена на патувањето, и тоа:

- **30% од цената на чинење за отказ до 30 дена пред патувањето. 40%**
- **од цената на чинење за отказ 29-15 дена пред патувањето. 70% од**
- **цената на чинење за отказ 14-8 дена пред патувањето. 90% од цената**
- **на чинење за отказ 7-1 ден пред патувањето. 100% од цената на**
- **чинење за отказ на денот на патувањето.**

**ОДГОВОРНОСТ НА ОРГАНИЗАТОРОТ**

Организаторот изречито изјавува дека не превземе одговорност за штети кои би можеле да настанат со измена на програмата настанати поради виша сила, вклучувајки, но не оргранничувајки се на: природни катастрофи, граѓански немири, воена акција, и други околности кои се надвор од контролата на организаторот.

Организаторот го задржува правото да го откаже или одложи патувањето во случај на недоволен минимален број на патници предвиден според програмата, најдоцна 7 дена пред предвиденото поаѓање. За ова организаторот ќе го извести патникот. Во случај на откажување на патувањето, организаторот во целост ќе му ја врати уплатата на патникот, а најдоцна во рок од 8 дена од отказот. Во случај на откажување или одложување на патувањето, патникот не може да бара никакво дополнително обештетување од организаторот.

Организаторот, од оправдани причини делумно може да ја измени програмата, за што за тоа ќе го извести патникот најмалку 7 дена пред предвиденото поаѓање. Доколку поради измените на програмата патникот одлучи да се откаже од патувањето, организаторот се оврзува дека ќе му ја врати во целост уплатената сума во рок од 8 дена.

Организаторот може, од оправдани причини да изврши промена на договореното сместување во објект од иста или повисока категорија (на своја сметка). Доколку замената е за пониска категорија, организаторот, ќе го обештети патникот во износ од стварната разлика во цената помеѓу двете сместувања.

**ПАТНИ ИСПРАВИ:**

Секој патник е должен да внимава и обезбеди валиден пасош за патување во странство, согласно барањата на државата во која се патува. Организаторот не превзема никаква одговорност
доколку пасошот на патникот е неисправен или доколку патникот го изгуби својот пасош. Организаторот на патувањето неможе и не превзема никаква одговорност доколку дипломатско-конзуларното претставништво го одбие издавањето на виза или доколку емиграционото одделение на странската земја во која се патува не одобри влез во истата. Сите евентуални трошоци/штети поради немање исправна патна документација или одлуки на
домашни или странски државни органи за влез/излез во/од држава ги сноси самиот патник.

**БАГАЖ**

Во случај на оштетување или губење на багажот, патникот е должен барањето за надокнада и обештетување да го поднесе директно во авио-компанијата или дирекцијата на хотелот, или агенцијата која го врши автобускиот превоз, во зависност каде е багажот изгубен. Организаторот, доколку може, ќе пружи помош преку претставник на агенцијата, но не може и не презема одговорност за оштетување или губење на багаж на патникот. .

**РЕКЛАМАЦИИ**

Сите рекламации патникот е должен да ги направи на лице место со писмена изјава, односно во присмена форма, на водичот/ организаторот на патувањето. По враќањето од патувањето, доколку постојат рекламации, патникот е должен најмногу во рок од 8 дена, писмено да се обрати до организаторот на патувањето. Рекламациите кои ќе бидат примени подоцна и кои не ги исполнуваат горенаведените услови нема да се земат во предвид од страна на организаторот.

**ВАЖНИ НАПОМЕНИ**

Согласно угостителските правила гостинот има право да ја користи собата од 14.00 часот на денот на пристигнувањето, и најдоцна до 10.00 часот на денот на заминување. Во случај да не се одјави собата до 10.00 часот, хотелот наплаќа трошоци за уште еден ден. Доколку патникот од било кои причини сам го прекине патувањето, против-вредноста на неискористените услуги не се рефундира.Хотелот е должен да ги пружи само оние угостителски услуги кои се наведени во ваучерот. Ваучерот е важечки само доколку гласи на име на доносителот. Во случај на болест во текот на користењето на аранажманот трошоците за лечење или евентуалните лекарски интервенции ги сноси патникот По враќање во земјата трошоците за лекување можат да се надокнадат со соодветна документација, доколку со таа земја е склучен договор за здравствено осигурување.